ОПШТИНА КАРПОШ

ЕЛАБОРАТ

за

ФОРМИРАЊЕ НА

КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР „КАРПОШ“

-

Изготвил: Проф. д-р Зоран Т. Поповски –

член на Советот на општина Карпош

Скопје, ноември 2015

СОДРЖИНА

I ВОВЕД **2**

I.1. Состојби во македонското образование **2**

I. 2. Образованието во општина Карпош **2**

I. 3. Потреба од опремување на основните училишта во Карпош **3**

II ЦЕЛИ **4**

IIIЕДИНИЦИ **5**

III.1. Ученички центар за културно наследство (УЦКН) **5**

III.2. Ученички центар за аудиовизуелни уметности (УЦАВУ) **5**

III.3. Ученичка астрономска опсерваторија (УАО) **6**

III.4. Ученичка ботаничка градина (УБГ) **6**

III.5. Ученички стакленик за екоземјоделие (УСЗХ) **6**

III.6. Дом за животни (ДЖ) **7**

III.7. Ученички центар за рециклажа (УЦР) **7**

III.8. Ученички центар за дизајн (УЦД) **7**

III.9. Ученички центар за ликовна уметност и ракотворби (УЦР) **8**

III.10. Ученички центар за климатски промени (УЦКП) **8**

IVОРГАНИЗАЦИЈА **9**

V ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА **10**

VIФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА **11**

VIIРАБОТНА ГРУПА **11**

I ВОВЕД

I.1. Состојби во македонското образование

Во изминатите децении образованието во Македонија се претвори во полигон за постојано експериментирање што резултираше со драматично нарушување на неговиот квалитет. Општ е впечатокот дека нашиот образовен систем е многу оптоварен со теорија (фактографија) која не резултира со соодветен развој на вештини кај младите. Оваа констатација се однесува на сите потсистеми на образование почнувајќи од основото, преку средното, па се до високото образование. Покрај стереотипните наставни и предметни програми, несоодветните учебници и немотивираниот наставен кадар, за ваквата состојба свој придонес дава и недоволната опременост на училиштата со соодветни нагледни средства. И покрај тоа што во изминативе години постојано се декларираа мерки за подобрување на практичната настава, тоа досега не се преточи во конкретна акција. Обидот преку информатизација на наставниот процес со поранешниот проект „компјутер за секое дете“ и сегашниот „таблет за секое дете“ не ги даде очекуваните резултати во подигнување на нивото на вештини и компетенции кај младите.

I. 2. Образованието во општина Карпош

На територија на општина Карпош постојат 10 основни училишта чиј основач е општината и тоа: ООУ „Братство“, ООУ „Јан Амос Коменски“, ООУ „Владо Тасевски“, ООУ „Димо Хаџи Димов“, ООУ „Аврам Писевски“, ООУ „Петар Поп Арсов“, ООУ „Војдан Чернодрински“, ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“, ООУ „Лазо Трповски“ и ООУ „Вера Циривири – Трена“. Во овие основни училишта во изминатите 3-4 години се случи вистинска инфраструктурна револуција. Имено, сите училишта во овој период се или темелно реконструирани или добиле нови училишни згради. Во оваа огромна градежна офанзива се искористени над 7 милиони евра од општински, државни и меѓународни извори. Ваквата интервенција во обезбедување на европски услови за одвивање на наставниот процес во голема мера го подигна нивото на образовните услуги кон учениците кои живеат на територија на општина Карпош. За тоа зборуваат и резултатите од анкетите спроведени за да се провери нивото на задоволство од образованието кај родителите од нашата општина. Уште еден доказ дека сега основните училишта во општина Карпош имаат највисок стандард е огромниот притисок на родителите од други општини кои сакаат своите деца да ги запишат во основните училишта на територија на општина Карпош.

I. 3. Потреба од опремување на основните училишта во Карпош

Следен чекор кој треба да се превземе за да се унапреди квалитетот на наставниот процес покрај обезбедените услови за негово реализирање е доопремување на основните училишта со нагледни средства со што ќе се обезбеди целосна аудио – визуелизација на наставата. Во изминатите години, ниту на ниво на држава , а ни на ниво на општина Карпош не била превземена сериозна акција за осовременување на наставата и унапредување на воннаставните активности. Ваквото опремување би одело во прилог на т.н. детеоретизација на наставниот процес и подигнување на нивото на вештини и компетенции кај најмладите. Освен апаратите, инструментите, потрошниот материјал и инвентарот со кои ќе бидат опремени различните станици, центри, опсерватории и градини, тие ќе располагаат и со соодветна литература, софтверски пакети и медијатеки од соодветните области.

II ЦЕЛИ

Со ова опремување на основните училишта на територија на општина Карпош ќе треба да се исполнат следните цели:

- **Унапредување на практичната настава во основните училишта на територија на општина Карпош**
- **Реализација на дел од редовната настава во училиштата чиј основач е општина Карпош**
- **Создавање услови за развој на воннаставните активности на учениците**
- **Откривање, следење и развој на надарени ученици за занимавање со истражување, уметност и бизнис**
- **Развој на одговорност кај учениците за водење грижа за набавената опрема, инвентар и живите организми**
- **Воспоставување на меѓуучилишна соработка помеѓу училиштата на територија на општина Карпош**
- **Придонес во професионалната ориентација на учениците од општина Карпош**
- **Обезбедување услови за ангажирање на мотивиран наставен кадар**
- **Развивање на меѓународна соработка со соодветни центри за работа со надарени млади**
- **Влегување во соодветни мрежи и асоцијации за извонредност на млади (network of youth excellence)**
- **Следење на соодветна литература наменета за ученици за потребите на одделните единици**

III ЕДИНИЦИ

III.1. Ученички центар за културно наследство (УЦКН)

Овој центар ќе има за цел да развива љубов на учениците кон хуманистичките науки. Во него ќе може да се поставуваат едноставни експерименти и да се организираат едноставни конзерваторски активности кои потоа ќе може да бидат демонстрирани пред поголем број ученици. Во УИЦА ќе бидат реализирани активности од областа на археологијата и историјата и бројните научни дисциплини од овие области. Центарот ќе биде опремен со посебна опрема за експериментирање поддржана со соодветни софтвери. Овој цента ќе се наоѓа во ООУ „Војдан Чернодрински“.

III.2. Ученички центар за аудиовизуелна уметност (УЦАВУ)

УЦМ ќе биде наменет за ученици кои имаат уметнички афинитети. Тој во своите рамки ќе располага со музичко-тонско и театарско-филмско студио. Музичкото студио ќе располага со основна опрема за снимање и репродукција на музика и друг вид на аудио снимки. Во негови рамки ќе може да се отвори и Ученичкото радио Карпош. Театарско-филмското студио ќе располага со основна опрема за снимање и сликање, со основни реквизити за театарски претстави и со опрема за проектирање на филмови. Ова студио во соработка со Кинотеката на Македонија ќе организира различни манифестации од областите на филмската и театарската уметност. Во рамките на овој центар ќе функционира Ученичкото радио „Карпош“ чија рдакција ќе ја сочинуваат ученици од сите 10 училишта. Овој центар ќе биде формиран во рамките на ООУ „Владо Тасевски“.

III.3. Ученичка астрономска опсерваторија (УАО)

УАО ќе биде место каде што ќе биде инсталиран еден солиден телескоп, а ќе бидат набавени и неколку детски телескопи со кои ќе може да се реализираат набљудувања на вселената. Покрај телескоп, опсерваторијата ќе располага со соодветни астролошки карти и со модели за демонстрација на појавите кои се случуваат во космосот. Во соработка со Планетариумот при Младинскиот културен центар, МАО ќе организира разни манифестации поврзани со астрономијата како на

пример курсеви, семинари, работилници и др. УАО ќе се наоѓа во ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“. Покрај опсерваторијата, во училиштето ќе има и современа лабораторија за физика.

III.4. Ученичка ботаничка градина (УБГ)

Детската ботаничка градина ќе биде место на кое ќе бидат одгледувани вообичаени самоникнати растенија, ендемични растенија, габи, мовови, папрати и украсни култивирани растенија. Сите тие ќе бидат соодветно обележени со плочки и од нив ќе бидат направени мини каталози. Целта на ова градина ќе биде кај учениците да се развива љубов и почит кон природата, а во исто време да ги препознаваат најчестите растителни видови и габи кои растат или се одгледуваат во Македонија. Од самоникнати растенија ќе се одгледуваат: камилица, ајдучка трева, кантарион, мајчина душица, коприва, киселец, штавељ, бела рада, цикорија, глуварче, детелина, лутиче, бабино црево, слез, дива темјанушка и други. Од ендемичните растенија кои ги има во Македонија ќе се одгледуваат папратот Osmundaregalis, Ramondanatalieи други. Од украсни култивирани растенија ќе се одгледуваат рози, каранфили, сардели, бегонии, петунии, темјанушки, јаглики и друго. ПОкрај ботаничката градина ќе се востанова и збирка на стотоци растенија, дрвја и габи карактеристични за Македонија. Ботаничката градина ќе се наоѓа во ООУ „Петар Поп Арсов“ и во нејзини рамки ќе има и современ ботанички кабинет.

III.5. Ученички стакленик за екоземјоделие (УСЕЗ)

Стакленикот ќе биде наменет за развивање на вештини кај учениците за производство на храна. Во него тие ќе треба да се запознаат со сите фази од процесот на производство почнувајќи од подготовка на земјата, обезбедување расад, ѓубрење, наводнување, заштита на растенијата, жетва на плодовите и евентуална преработка. За таа цел ќе биде поставена конструкција на стаклената градина, ќе биде обезбедена фолија, систем за наводнување, саден материјал, ѓубре и заштитни средства. Во стакленикот ќе се одгледуваат најчестите градинарски култури кои ги има во Македонија. Покрај стаклената градина ќе бидат посадени и неколку овошки. Стакленикот ќе биде лоциран во ООУ „Вера Циривири - Трена“, а покрај него ќе има и мини лабораторија за испитување на квалитетот на водата, воздухот и почвата, како и за испитување на квалитетот на производите. Во рамки на УЕС ќе биде воспоставен и Информативен центар за дистрибуција на резултатите од истражувањата.

III.6. Дом за животни (ДЖ)

Домот за животни е замислен како место во кое ќе се одгледуваат домашни љубимци и инсекти. Преку него кај учениците ќе се развива чувство за правилна грижа за домашните љубимци и инсектите, а во исто време ќе се овозможи и нивно запознавање со голем број претставници од животинскиот свет. Просторот ќе биде организиран во боксови во кои ќе се наоѓаат делови за инсекти, риби, водоземци, влекачи, птици и цицачи. Од инсекти во оградена земја ќе се одгледуваат црви, коњоштипи, мравки, бумбари, еленаци и др. Во аквариуми ќе се одгледуваат различни видови риби и тоа: скалари, гупи, караси, телескопи, борци, мини ајкули, чистачи и др. Во терариуми ќе се одгледуваат од водоземци дождовници, саламандери и жаби, а од влекачи желки и гуштери. Од птици во кафези ќе се одгледуваат папагали, штиглици, канаринци, а може да се направи и мак гулабарник и кокошарник за украсни кокошки. И конечно, од цицачи во кафези и куќички ќе се чуваат хрчаци, морски прасиња, зајаци и верверички. Домот за животни ќе се наоѓа во рамките наа ООУ „Лазо Трпоски“ а во негови рамки ќе има зоолошки кабинет за истражување.

III.7. Ученички центар за рециклажа (УЦР)

Заради развивање на претприемачкиот дух кај учениците, но и заради стекнување на неопходни навики за рециклирање на отпадот ќе биде инсталиран МПР. Во негови рамки ќе има два дела и тоа дел за рециклажа на хартија и за рециклажа на пластика. За таа цел ќе биде обезбедена машина за топење пластика и за производтсво на перли и машина за пресување на хартија и производство на брикети. Во рамки на погонот ќе се организираат обуки и работилници за искористување на сите видови отпад и негова преработка. Воедно, кај учениците ќе се развива и чувство за испитување на пазарот и пласманот на сопствените производи. ПОгонот е лоциран во ООУ „Јан Амос КОменски“ а покрај него ќе има и современа хемиска лабораторија.

III.8. Ученичка центар за дизајн (УЦД)

Во овој центар кој ќе биде лоциран во ООУ „Братство“ ќе се реализираат активности поврзани со дизајнирање во областа на инжинерството. Тоа подразбира

III.9. Ученички центар за ликовна уметност и ракотворби (УЦЛУР)

Во функција на заштита на традиционалните занаети во Македонија, но и заради стекнување на одрдени вештини кои во иднина може да бидат професија или хоби на

учениците, ќе биде формиран УЦЛУР. За потребите на центарот ќе бидат набавени алат и опрема за обработка, преработка и доработка на текстил, керамика, волна и дрво. За таа цел ќе се набават разбој, керамичко тркало, длета, машина за шиење и иницијални материјали за обработка. Во центарот ќе се обезбеди присуство на луѓе кои се занимаат со вакви изработки и кои ќе организираат повремени обуки за учениците. Експонатите кои ќе бидат изработени во рамки на центарот ќе бидат изложувани на манифестации од типот „ем умеам, ем можам“ и други ученички базари кои може да имаат хуманитарен карактер. Ликовно-вајарското студио ќе располага со неколку штафелаи и инвентар и материјал за примена на различни ликовни и вајраски техники. Ова студио во соработка со Детскиот ликовен центар ќе организира различни манифестации (курсеви, работилници и семинари) од областа на ликовната уметност. Овој центар ќе функционира во рамките на ООУ „Аврам Писевски“.

III.10. Ученички центар за климатски промени (УЦКП)

Оваа центар ќе служи за перманентно мерење на метеоролошките параметри како што се темепратурата на воздухот, влагата, количината на дождови, снежна покривка и брзина на ветер. За таа цел ќе бидат набавени термометри, хигрометри, анемометри и други инструменти со кои ќе се вршат овие мерења. Сите овие мерења ќе бидат софтверски обработувани и од нив ќе бидат подготвувани извештаи кои би се емитувале преку Ученичкото радио. Во соработка со Управата за хидрометеоролошки работи во рамки на станицата ќе бидат организирани најразлични презентации, промоции, обуки и друг тип на манифестации. Овој центар ќе се наоѓа во ООУ „Димо Хаи Димов“ и покрај него ќе има современ кабинет по географија.

*** * ***

За сите овие организациони единици ќе биде подготвен одделен проект кој ќе ги содржи следните елементи: мисија, локација, опрема, финансиски план, обука и дејност на секоја од нив. Изготвувачи на проектите ќе бидат компетентни лица кои долго време професионално се занимаваат со соодветна дејност. По отварањето на овие организациони единици истите ќе бидат ангажирани како советници во истите. Секој од нив во претстојниот период ќе треба да направи избор на свој соработник – домаќин од редот на наставниците кои ќе бидат вклучени во реализација на проектите.

IV ОРГАНИЗАЦИЈА

Сите организациони единици се замислени да функционираат во рамки на соодветните училишта како места за реализација на воннаставни активности, но во нив ќе се изведуваат и содржини од редовната настава.

За нив ќе бидат задолжени наставници од соодветните области кои низ перманентна обука ќе подготвуваат ученици кои ќе им помагаат во реализацијата на активностите на центрите, опсерваториите, градините и другите единици.

Во овие единици ќе се реализираат бројни едукативни, промотивно - информативни и истражувачки активности. Едукативните активности ќе бидат ориентирани кон неколку целни групи. Првата се учениците од училиштето во кое се наоѓа организационата единица и тие ќе си реализираат дел од редовната настава и воннаставните активности. Втората целна група се учениците од другите основни училишта кои ќе можат да реализираат воннаставни активности според претходно подготвена програма. И третата целна група би ја сочинувале други лица кои имаат интерес да стекнат некои сознанија преку едукативните активности на единиците (семинари, работилници, курсеви и др.). Промотивно-информативните активности ќе бидат перманентни кои ќе ги спроведуваат Ученичката еколошка станица и Мини метеоролошката станица. Тие секојдневно би можеле да информираат за наодите до кои доаѓаат во текот на денот. Другите организациони единици би имале повремени промотивно-информативни активности како што се базари, изложби, саеми, промоции и др. Истражувачките активности би се реализирале преку проектни задачи во кои би биле вклучени учениците под менторство на своите наставници или на некои стручњаци и научници од ссоодветните области.

Еден од клучните принципи кој ќе треба да се реализира во овие единици е постојаната „циркулација“ на ученици од сите училишта на територија општина Карпош. Имено, преку посебен план ќе бидат организирани посети и друг тип на активности на учениците од другите училишта. На таков начинна сите ученици од нашата општина ќе им биде обезбеден пристап до сите овие организациони единици во зависност од нивниот интерес.

Организационите единици ќе можат да воспостават соработка со сродни центри во регионот и пошироко, како на пример со Истражувачката станица Петница.

Овие единици ќе бидат координирани од страна на општината Карпош кој ќе ја организира нивната работа во согласност со интересите на локалната самоуправа преку Креативниот центар „Карпош“.

V ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Со оглед на фактот што со овој елаборат се предвидени 10 организациони единици за вонснаставни активности, а на територија на општина Карпош функционираат 10 основни училишта, предвидено е во секое училиште да се формира по една. Динамиката на реализација предвидува неколку фази: адаптација на простор, набавки на опрема, жив и потрошен материјал, обуки на наставен кадар за ракување со опремата и ставање во функција на сите овие креативни содржина за потребите на учениците во општина Карпош.

По веќе завршениот избор на локација ќе се пристапи кон <u>адаптација на просторот</u> кој може да биде од отворен или затворен тип. Доколку станува збор за затворен тип, тоа подразбира освежување на просториите, евентуално преградување и приспособување кон потребите на организационата единица. Кај организационите единици од отворен тип (метеоролошката станица, ботаничката градина и стакленикот) ќе треба да се подготви подлогата и да се прегради просторот.

<u>Набавката</u> на опремата,живиот и потрошниот материјал, неопходна за организационите единици ќе биде реализирана преку администрацијата на општина Карпош според предвидената спецификација во соодветниот проект.

По реализираните набавки ќе биде спроведена <u>обука</u> на наставниот кадар за користење на опремата и за реализација на дејноста на организационите единици. Покрај наставниците од училиштето во кое ќе биде формирана одделна единица, во обукате ќе бидат вклучени и предметни наставници од другите училишта.

Откако се завршат сите овие активности, ќе следува <u>ставање во функција</u> на соодветната организациона единица и отпочнување наа нејзината работа.

VI РАБОТНА ГРУПА

Проф. д-р Зоран Т. Поповски– координатор

Членови:

1. **Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски од Факултетот за земјоделски науки и храна**
2. **Проф. д-р Митко Караделев од Природно-математичкиот факултет**

3. **Проф. д-р Методија Најдоски од Природно-математичкиот факултет**
4. **Проф. д-р Оливер Зајков од Природно-математичкиот факултет**
5. **Доц. д-р Катерина Русевскаод Природно-математичкиот факултет**
6. **Проф. д-р Соња Геговска - Зајкова од Природно-математичкиот факултет**
7. **Проф. д-р Елизабета Мискоска – Милевска од Фак. за земјоделски науки и храна**
8. **М-р Ефтим Пејовски од СУГС „Михајло Пупин“**
9. **Д-р Пеце Ристевски од Управата за хидрометеоролошки работи**
10. **Д-р Мимоза Клековска од Рекреативен центар Катланово**
11. **М-р Зоран Николов од Природонаучниот музеј во Скопје**
12. **М-р Аце Миноски од Министерство за образование и наука**
13. **ЈорданчоМилошевски од Зоолошка градина во Скопје**
14. **Иван Маленков од Лабораторија за контрола на лекови**
15. **Харлампие Манчев од Детскиот ликовен центар**
16. **Горјан Шуплевски од Факултетот за музичка уметност**
17. **М-р Анета Марковска – Илиевска од општина Карпош**
18. **Томе Несторовски – технички координатор на КЦК**